Врз основа на член 42 од Закон за основно образование (Сл.весник на РСМ 161/19, 229/20) и Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод, објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**за прибирање на понуди за изведување на екскурзии, излети и други**

**вонучилишни акивности на учениците во учебната 2022/2023 година**

1. Еднодневна екскурзија за учениците од III одделение.
2. Дводневна екскурзија за учениците од VI одделение.
3. Тродневна екскурзија за учениците од IX одделение.
4. Летен камп за учениците од I до IX одделение

Набавката е делива на четири делови.

**Училиштето како најповолен понудувач ќе го избере понудувачот кој ги исполнува следниве минимални услови:**

- да е регистриран согласно позитивните прописи на РСМ за вршење на соодветна туристичка дејност
- да е регистриран најмалку три години пред изведувањето на екскурзијата, излетот или друга вонучилшна активност на учениците од основните училишта
- да има успешно реализирано сопствена аранжманска програма во РСМ
- да ги исполнуваат условите за превоз на групи деца, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

Критериум за избор на најповолна понуда е најниска цена.

Огласот трае 5 работни дена од денот на објавувањето.

Тендерската документација да се подигне во просториите на секретарот на училиштето од 09:00 до 14:00 часот, или од веб страната на училиштето https://oouklimentohridski.edu.mk/ .

Понудите со потребните документи да се достават до ООУ „Св.Климент Охридски“ ул. Партизанска бр.33, Македонски Брод , во затворен плик, во писмена форма, во архивата на училиштето, со назнака: ЗА ОГЛАС за прибирање на понуди за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности. Во горниот лев агол на запечатениот плик да се назначи НЕ ОТВОРАЈ.

Понудата се доставува во оригинален примерок, потпишан и заверен од одговорно лице на понудувачот и во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

Најповолниот понудувач е должен да достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 5 % од вкупната вредност на доворот при потпишување на истиот. Рокот за доставување на понудите е 5 работни дена од денот на објавувањето, односно до **14.00** часот на **27.04.2023 година.** Јавното отварање на понудите ќе се спроведе на **28.04.2023 година** .

Некомплетни, нецелосни и ненавремено доставени понуди нема да се разгледуваат од комисијата.

Телефон за контакт 078 322 829

Комисија за прибирање на понуди

ООУ Св.Климент Охридски –Македонски Брод